НУЦК „Марко Цепенков“ Прилеп, Театар „Војдан Чернодрински“

**FIGURAE VENERIS HISTORIAE (Љубовни пози на историјата)**

**Режисер: Наташа Поплавска**

**Автор: Горан Стефановски**

**Сценограф: Емил Петров**

**Костимограф: Роза Трајческа Ристовска**

**Музика: Горазд Чаповски, Мизар**

**Драматург: Лидија Митоска-Ѓорѓиевска**

**Дизајн на светло: Милчо Александров**

ИГРААТ:

**Магнус Хиршфелд – Димитар Ѓорѓиевски**

**Бароницата – Даниела Иваноска**

**Баронот – Игор Трпчески**

**Мајсторот – Зоран Иваноски**

**Вдовицата – Катерина Чакмакоска Клинческа**

**Селанката – Јасмина Мицовска Станкоска**

**Селанецот – Димитар Црцороски**

**Слугинката – Наташа Наумоска**

**Студентот – Илија Волчески**

**Госпоѓицата – Ангела Наумоска**

**Казненикот – Михајло Миленкоски**

**За Figurae Veneris Historiae**

Во режија на Наташа Поплавска и во изведба на НТ Војдан Чернодрински – Прилеп, на 26ти септември 2016 претставата „Figurae Veneris Historiae“ (Љубовни пози на

историјата) ја доживеа својата македонска праизведба. Автор на текстот е Горан Стефановски, кому како инспирација му послужила книгата “Sittengeschichte des Weltkrieges” – „Неморалната историја на Првата светска војна“ од Магнус Хиршфелд.



Се работи за претстава која отвора бројни прашања во однос на војната, љубовта, интимата, политиката и моралноста. Како што и самиот Стефановски би рекол, војната е организирано насилство, круна на политичката патологија, перверзија на историјата. Но освен големата, позната слика за војната, оваа претстава го прикажува и она што се

случува од другата страна на девнополитичките вести, статистиката и пропагандата, а тоа е љубовта за време на војна, страстите, нагонот, човековите потреби и еротски фантазии. Од другастрана пак, претставта ни покажува и какви последици остава војната врз човечкиот род. Преку личните приказни на колоритните ликови кои доаѓаат од различни слоеви на општеството и ситуациите низ кои поминуваат, публиката ќе може да се препознае себеси.



Претставата „Figurae Veneris Historiae“ јасно покажува дека војната менува сè, тргнува

во неочекувани правци, ги трансформира луѓето, ги прави ѕверови, непрепознатливи, различни од порано. Но колку и да изгледа парадоксално, вистинската сила која го придвижува дејството во оваа претстава не произлегува од суровоста и страдањето, туку од љубовта и силните емоции. Наспроти целиот ужас и апсурд на војната, фарсичната драмска структура која ја поставува Стефановски наоѓа начин да нè насмее среде хаосот, свирепоста и бескрупулозноста. И овој пат претставата нè потсетува дека наспроти војната - лежи љубовта; единствено љубовта успева да опстои и повторно да изникне од под урнатините на војната.



**Подетално на http://figuraeveneris.wixsite.com/historiae**